*Ѓорѓи СТАЛЕВ*

# МАРИОВО НИЗ ВЕКОВИТЕ

*БОРБА МИ СЕ ВОДИ, МАМО, СТАРО МАРИОВО**
*Борба ми се води, мамо, Старо Мариово,*
*Старо Мариово, мамо, на грчка граница.*
*На грчка граница, мамо, горе Кајмакчалан,*
*Горе Кајмакчалан, мамо, бугарска граница,*
*Т амо заплетена, мамо, со телена мрежа. (2)*
*Грци лежат во јукопи во нивна граница,*
*три години лежат, мамо, само во јукопи,*
*дење ми се бијат, мамо, ноќе ми се кријат. (2)*
*Старо Мариово, мамо, оган го горело,*
*оган го горело, мамо, на врв Кајмакчалан,*
*на врв Кајмакчалан, мамо, тамо Добро Поле.*
*Наши Македонци, мамо, и тиа в јукопи,*
*и тиа в јукопи, мамо, сите закопани:*
*три години лежат, мамо, само во јукопи,*
*Необјавена песна за Мариово*
*Забележал Милан Ристески*

* Проф. д-р Ѓорѓи Сталев, Филолошки факултет — Скопје.

* Песнава е извадена од необјавениот Зборник на народни песни од село Гудјаково. запишани од МИЛАН РИСТЕСКИ, а ја има испеано Кита Стојанева Крстеска — Цоцова, родена 1919 година во село Гудјаково ома жена за Милан Ристески Мутев во село Вепрчани. Песнава' е снимена на магнетофонска лента шго се чува во Архивот иа Институтот ѕа фол клор во Скопје и е заведена под инвентарен број 1758.

Мариово е необично по многу нешта: необично е по тоа што е - висорамнинска котлина, најверојатно од езерско потекло (за што може да посведочи фосилот на риба пронајден во дијатомејската земја во близината на с. Манастир, а кој денес се чува во Народниот музеј во Прилеп); необична е по својата дива убавина, по својата изолираност од светот, по своите природни богатства - шумски и рудни - како и по својата историја која ја бележи првата буна на Балканот против стопанските угнетувач;: во 1564 г., а потоа - 124 год. подоцна - и втората буна; необично е по раскошниот вез на женската народна носија која денес зазема места во Музејот на човекот во Париз и во ТИТОВИОТ музеј на Дедиње во Белград; необично е и по контрастите од кои го потцртуваме оној што покажува дека со векови Мариовците биле врзани за својот кат, не познавајќи ја традицијата на печалбарството, за да се одделат, речиси одеднаш, од своето огниште и масовно да го напуштат овој регион, раселувајќи се дури и далеку по светот - во Канада, Америка, Австралија, Шведска, од каде што, повеќе е од очигледно, дека враќање нема. Во Мариово денеска постојат призрачни села, во кои, како духови се сноваат сенките на последниот, или на последните двајца заточеници - на свое тло! Необично е по венецот од планини што го оградува од околниот свет, а кои се богати со раскошни шуми, но безмилосно сечени веројатно затоа што сме сиромашна земјичка па не сме во состојба, како Словенците, да купиме шумски плантажи во Африка од каде што би ја хранеле нашата - дрвна индустрија. Необично е Мариово и по фронтовата линија од Првата светска војна што се задржала тука цели три години, па кој како дошол од туѓинците така ги

„ослободувал" Мариовците, поделувајќи им ги селата на две, терајќи ги браќата да пукаат едни во други како припадници на две непријателски војски (и денеска по ридиштата се наоѓаат празни фишеци, 'рѓосани шаржери, а во понекоја куќа и германско-бугарски шлемови во кои - каква иронија! - домаќинките ги хранат прасињата!

Според добрите познавачи, Мариово се наоѓа помеѓу 39,40 и 40,41 степен географска ширина, со површински зафат од 1.390 км.$^2$ и надморска височина 1.050 м., зафаќајќи го јужниот дел на РМ или - според етничката карта - средишниот дел ка Македонија. За неговата изолираност од светот придонесле и неговите природни граници - високите планински вериги што како венец го окружуваат од сите страни, сс еден единствен тесен излез кон битолскиот крај, над с. Новаци каде што и ден-денеска се гледаат окопите од Првата светска војна. Планините што го оградуваат Мариово се: од северната страна Дрен Планина што западно прави лак со Селечката Планина, а на југ се Кајмакчалан со масивот на Ниџе и Кожув кој води на исток и со Козјак го затвора кругот на север. Овој Еенец, особено во југоисточниот дел, е богат со иглолисни и широколисни шуми. Реката Црна под Битола го прави историски познатиот завој и влегува во Мариово од кај југозападниот негов крај, поминувајќи низ средиштето на оваа котлина, за да излезе -на северо-исток под Кавадарци, влевајќи се, како што е познато, во Вардар над Неготино, во непосредна близина на архео-лошката населба Стоби. Црна Река всушност го дели овој регион на Големо Мариово и Мало Мариово (меѓу тамошното население попознати како Старо и Ново Мариово. По површина Старо Мариово е попросторно и оттука во науката е наречено -Големо Мариово, коешто - инаку - се граничи со Мегленијата од каде што произлегуваат и традиционално добрите односи со мегленското население.)

Потеклото на името МАРИОВО не е проучено. Легендите се интересни, но се поврзани за периодот на турското владеење во Македонија додека името МЕРИХОВА се среќава во поранешни византиски документи, а името МАРИНА и во римско време. Археолошките остатоци во Мариово јасно укажуваат на постоење поголеми (и достатно раскошни) градски населби од тие времиња, поврзани со VIA IGNATIA кој, по се изгледа, поминувал оттука. Некогашното население од трачанско и илирско потекло исчезнало во големите преселби, а со доаѓањето на Словените на Балканот дел од нив се задржал во овој крај, успевајќи да ја почува традицијата во однос на јазикот, а изгледа и многу нешто од паганските одличија (јужно од с. Вито-лиште и денеска дел од планината го носи името ПЕРУН!). Историчарите забележуваат дека словенското население во овој регион се покрстило во масовото христијанизирање на Словените на Балканот во втората половина на IX век, а во Мариово се зачувале неколку древни црквички и манастири, мошне значајни од културен и историски аспект. Во долготрајните војни помеѓу Византија и Бугарија, помеѓу Византија и царството на Самуил, во кои подоцна се замешало царството на Душан Силниот. Мариово преоѓало од едни раце во други, се до паѓањето под отоманското ропство кон крајот на XIV век. Изгледа поради природната изолираност на овој крај, Мариовците - за разлика од Мегленчаните - не познаваат појава на исламизација на населението.

Познато е дека во XV век. мариовскиот хас бил засебна политичка територијална управа со највисока власт на нахија. Според пописот од 1467/68 година во Тапутахрир - тевтерите, е забележано дека тогаш мариовската нахија, која била етнографска целина, познавала 27 села со 686 фамилии. За нивните годишни приходи тие плаќале даноци за овците и на земјоделските производи (за пченицата, јачменот, бостанот, лозјата, лекот), за водениците и валавиците, а познат бил и данокот Испанџе на мажите (за ергенлак или за - џуџестиот раст на малите мажи!?). Донеодамна во с. Витолиште постоеше и доказ како се собирал тој данок - големиот камен со многу длапки во него (помали и поголеми) кои служеле

за полнење со пари - акчиња: поимошните селани ги полнеле поголемите мери, а посиромашните - помалите длапки. Но, на царштината секој и бил должник. Денеска во Мариово не се произведува грозје, бидејќи по пустошењето на филоксерата во почетокот на овој век, лозата никој не ја обновувал, а исто така нема ни бостани, ни лен.

Преданието вели дека во времето на султанијата Мара, Мариовците биле ослободени од даночни обврски и уживале некакви поголеми слободи. Наводно, земските кметови на Мариово го сочинувале демократското тело наречено Сбор кое самото ги носело најважните решенија, без мешање на властите однадвор. Но, во споменатава година на пописот Мариовците, очигледно, ги немале оние права за кои станува збор во преданието. Напротив, познато е дека отоманската управа ги засилувала насилствата од секаков вид. Земјата веќе била огра-бувана. Планината, од Перун до Рибникот, ја запоседнал солунскиот паша Селимбег и таа станала Тимар, негова сопственост. Овој тимар му носел 30.000 акчиња приход годишно, а селаните морале да му плаќаат за да можат стоката да ја пасат во подрачјето на планината, а се наплатувало и секое товарче дрва за огрев. Мариовците се договориле да ја откупат планината. Селимбег им побарал 44.000 акчиња - во злато. За тие пари морало да се продадат 444 најдобри волови, но планината, затоа, останала во сопственост само на Мариовците! Некаде во почетокот на XIX век по катастрофалните епидемии што ја зафатиле стоката, а исто така како последица на неколку тешки зими, селаните се нашле во ситуација да осиромашат. Во 1548 година бил извршен грабеж на деца - мариовчиња од прилепскиот пазар. Била организирана и нова грабежна експедиција од страна на прилепскиот кадија која извршила тешки зулуми во селото Чаниште, а селото Лисиче го изгорела до темел и тоа никогаш веќе не се обновило. Фрапира смелоста на Мариовците кои дошле во Прилеп и организирано го опколиле седиштето на прилепскиот кадија, предизвикувајќи општ метеж во градот, во знак на револт за извршените насилства. Знаејќи дека управијата ќе преземе подоцна казнена експедиција поради овој исклучителен настан, Мариовците ја осмисли-ле својата одбранбена организација, формирале бунтовнички штаб и успеале - откако експедицијата тргнала - на двапати ди ги поразат аскерите на кадијата, на мостот на Црна Река. Со тоа започнала првата буна на Балканот против вековниот поробувач, моќната Отоманска империја. Имагинацијата на писателот ги претставува деталите од таа буна во романот „Калеш Анга“ (Стале Попов).

Бранителите на тврдината Пешта (од која и денес постојат ѕидини над с. Старавина) успешно се носеле со опсадувачите, се до моментот кога Турците „со сите тиквешки бегови, су-баши, сејмени, ќаи, гавази, чауши, ушаци, маќерарамбаши“, т.е. „сите турски разбојници и силеџии“, околу 1.000 наоружани мажи, сепак со измама, и користејќи го предавството, го пронашле изворот од кој бунтовниците се снабдувале со вода за пиење и чешмата во Пешта секнала. Во тврдината настанал пекол. Бранителите, во потрага по вода, ја отвориле портата и селаните, во последната борба со надмоќниот непријател, ги положиле своите животи за слободата. Со тоа оваа буна била задушена. Век и нешто подоцна, како отпор против насилното земање христијански деца за јаничари, Мариовците пак се кренале на буна, а започнало времето на масовно ајдутство. Еден од попознатите ајдуци бил Балто Војвода. Собрал чета од 150 души. За да ги провери своите луѓе, заповедал над жарот да се печат живи брави. Запрашан од другите зошто го прави тоа, тој им одговорил: „За да видите ка' изгледа тоа кога некого го печат жив. Ние овдеа се собравме за да 'и палиме турцките чифлици . . . Ама, кога утре ќе не ватат, така ќе не печат коа ние шо 'и печиме бравите се'а. Затоа, самите решете си: кои сте спремни за печење наживоти — ајте со мене! Тиа шо не се азар да бидат вака печени — нека се тргнат на страна и — ајте ми со здравје". Велат — дека сепак му останале верни триесеттина души. Во спомен на Балто Војвода во Пол-чишката

планина има место што народот го нарекол Балтова Тумба. Во преданијата и во сеќавањето на најстарите Мариовци останале ликовите на ајдуците: браќата Гане н Ѓело, Ѓорѓи Ла-жот којшто го ликвидирал по зло прочуениот качак-арамија Чучук Сулејман од Прилеп, потоа Црне—Војвода (прототипот од драмскиот текст на Марко Цепенко) и др. И, се така до втората половина на XIX век мешала тука прсти и Цариградската патријаршија со грчки свештеници и грчки учители, замешала прсти и бугарската Егзархија со свои свештеници и учители, играло златото, но играле ножовите п пушките кој кого ќе го придобие. Во 1899 година од Прилеп бил испратен револуционерот Петре Ацев со цел да организира во Мариово подготовки за идните активности на ВМРО, да ги придобие ајдутските дружини на Толе—Паша и дедо Коле за целите на организацијата. Петре Ацев го формирал првиот региски комитет на ВМРО во с Полчиште. За негов началник бил назначен Трајко Вешот, а за секретар — Крсте Гермов, наречен Шаќир. Потоа и во другите села биле организирани вакви комитети. Месни војвода на чети станале: покрај споменатиот Толе—Паша од Крушовица, уште и Трајко Зојката од Жиово, Јован Ѓуров од Витолиште, Андо Волканов од Дуње, Трајко Кралот од Брник, Иван од Гудјаково, Цицот од Бешиште. Мариовската чета на Толе—Паша имала чест да го обезбедува Петрета Ацев на Сми-левскиот конгрес. Во март 1903 г. во обиколка на Реонскиот комитет во с. Полчиште пристигнал бугарскиот експонент Борис Сарафов кој на реонскиот војвода Петре Ацев и премногу му веќавал „братска помош“ од Бугарија. „Народот треба да се крене, — рекол тој, — и тоа што побрзо, бидејќи зад него стои бугарската армија која веднаш ќе настапи во Македонија . ..“ Стариот искусен селанец, Трајко Бешот, на овие лажни ветувања му одговорил народски: „'Бамуа, да вида — да не веру'ам'.". Востаниците нападнале, но многу нешто потфрлило во поглед на организацијата на акциите: аскерот како да знаел се што ќе се случи и подготвени го дочекал нападот. Се разбира дека од веќавањето на Сарафов не останало ништо, а врховистот Тренчев навреме исчезнал од мариовското поприште. Турскиот аскер, околу 4—5 илјади души, го запоседнал Мариово, вршејќи жестока одмазда над населението, пред се пораби загубите во човечки потенцијал. Четите се расформирале, познатиот војвода Толе—Паша, разочаран од лошата организација и од извршените предавства, по задушувањето на востанието, повторно се одметнал како обичен арамија. Настанале ЦРНИ денови за народот и во МАРИОВО. Соседните буржоаски држави — Грција и Србија — набргу почнале да уфрлаат свои вооружени чети за влијание сред народот, со тенденција да се придобие што поголем број од македонското население за реализирање на аспирациите за завладување над Македонија. Грчките андарти со нож и со оган се пресметувале со секого што им давал отпор. Грчкиот платеник Панајот Зеврес извршил најголеми злосторства зо Мариово, од кои нај свирепо било колежот на 19 души мариовци во с. Жиово, на црковниот праг, и палењето на селото. Сличен масакр бил извршен и во селото Кален. Селаните од Градешница, Старавина, Бешиште и Полниште морале да го продадат и последниот вол, последната овца, за да соберат злато со кое ќе ги поткупуваат злосторниците — и андартите, и аскерот.

Младотурската револуција и хуриетот не донесоа ни во Мариово некакви промени. Затоа, пак, балканските војни предизвикаа нови потреси. Османлиите, како власт, заминале засекогаш. Грчките војски ги запоседнале селата Градешница, Старавина, Бешиште и Полчиште, а на 9 ноември влегле во југозападниот дел на Витолиште. Српската војска го запосед-нала другиот дел на селото. Среде Витолиште била обележана грчко-српската граница. Дојденците диктирале свои услови: на Мариовците им се наметнувало грчкото име, српскиот јазик и српско национално обележје. Во 1913 г. Грците го напуштиле Мариово, а српската страна довела свои луѓе од Србија за претставници на власта. Истата година таа власт започнала да ги собира и „третопозивците“, мобилизирајќи со низ запрежни и

товарни добици. Дел од населението откажувало послушност, на сцената стапила српската жандармерија која, меѓу другото, го спречувала македонскиот јазик п пеењето македонски песни! Со влегувањето на Србија во војна со Австро-Унгарија, била извршена и во Мариово општа мобилизација. Биле мобилизирани околу 1.400 мажи и испратени на фронтовите кај Дрина, Црни Врв. Половината од нив изгинале таму. Есента 1915 година дошло до промена на фронтот, со настапувањето на бугарската армија. И во нејзините редови, овојпат, биле регрутирани Мариовци: некои од нив само ги замениле војничките униформи и оружјето. Летото 1916 година по мариозските ридишта и планини се стационирала српската војска поделена во три армии: на Добро Поле, на Кајмакчалан и спроти Битола. Кон нив биле приклучени делови од сојузничките волски — Англичани и Французи — под команда на генералите Милн и Сараи. Бугарската Прва армија го држела срцето на Мариово: од с. Чрниш-те до завојот на Црна, од Витолиште кон Рожден со командно место (и со болница) во с. Мелница, во со ината куќа на подоцнешниот писател Стале Попов. Селото Дуње било во рацете на бугарските сојузници — Германците и Австријците. Се смета дека во Мариово имало стационирано половина милион завојувани војници кои тука се задожале неколку години, се до пробивот на Солунскиот фронт. На овој фронт загинале голем број Мариовци.

Биле уништени 50 иљади грла овци, 100 иљади кози, 10 иљади крупен добиток. До темел биле разурнати селата Старавина, Груниште, Будимерци, Бзовиќ, Рожден. Луѓето береле желади, шишарки од борје, ги мелеле за да преживеат. Фатиле и епидемии од колера, тифус. Многу фамилии сосема се испус-тиле. По завршувањето на I Светска војна требало се одново да се започне, за да заживеат селата. Еден вол достигнал цена од 25—30 франги во злато. За тие пари двајца момоци требало да слугуваат цела година, — ако воопшто имало каде и кому да слугуваат! Луѓето се соортачувале, по неколку фамилии, за да купат заеднички ѕевгар, за да излезат заеднички по полските работи. Се прекинале врските со пазарите во Лерин, Ку-куш, Воден и Солун. Се испречила пред Мариовците границата што одеднаш го оневозможила инаку со векови непреченоит премин во егејскиот дел на Македонија.

Терените на Мариово и по завршувањето на Првата светска војна се покажале погодни за нови политички акции. Од една страна социјалистичките идеи, пренесени преку вратени-те војници од Рускиот фронт кои биле сведоци на октомвриските денови во 1917 година, и во Мариово не останале непознати; а од друга страна растело незадоволството од жандармерискиот режим, па така голем број луѓе се нашле во опозиционен однос спрема српската администрација и буржоаска власт. Познато ми е дека донеодамна Стојан Василев Орлев од с. Вепр-чани беше жив. Тој бил еден од најактивните комунисти кој со 1920 година, по враќањето од војната, одел по селата заедно со Димитрија Ристев Илиески, барајќи симпатизери на Социјалистичката работничка партија — комунистичка, кои ги зачле-нувал и им издавал дури и членски книшки. Членството на Социјалистичката работничка партија — комунисти особено било активно за време на изборите, а потоа, по уследените репресалии, и по засилената нова бугарска пропаганда и акција, повторно дошло во криза. Се јавиле внатрешни немири. Пере— Паша влегол во Мариово со 15 души четници, со цел да организира нови акции во прилог на бугарската кауза, но набргу бил разбиен од доброволните чети, формирани специјално за негово уништување. Српските власти ја поистоветиле дејноста на комунистите со акциите на Пере-Паша: така во 1927 година голем број Мариовци биле затворени и претепани, меѓу кои п Стојан Орлев, Димитрија Илиески, Дано Самарџијата и др. а биле ликвидирани Коле Поп Винов од Полчиште, Марко Србјаков од Витолиште, Боше Кузев од Дуње, некои од нив како комунисти и, во исто време, претседатели на општините.

Бунтовниот Мариовец, секогаш готов да и се спротивстави на неправедливоста, во животот бил трудољубив човек. Тој бил земјоделец, сточар, дрводелец, шумски работник, рудар и домаќин. Земјоделството донеодамна, до миграционите масовни процеси, претставувало најраспространета дејност. Земјиштето било класифицирано на ораници, пасишта и шуми, бони-фицирано во пет класи. Мариовецот за себе произведувал житарици од слаб квалитет и мал приход од 300—500 кгр. по хектар. А сламата му била исто толку потребна колку и пченицата, 'ржта, јачменот, царевката, овесот и просото — за зимска прехрана на крупниот добиток. Сушните години тешко го погодувале, но селанецот не секогаш се снасѓал како неговиот сонародник, итроманецот Пејо што го надмудрил дури и бога: во убавите климатски погодни години собирајќи богата жетва, во дождливите месеци мелејќи старо жито, во сушните сончеви месеци — правејќи тули!

Некогаш Мариово изобилувало со млеко. Секоја објагне-та овца давала 250—300 сантилитри млеко на ден. За 120 дена, 60 илјади овци давале над милион и пол литри млеко. Од козите се молзело уште неколку милиони литри годишно. Старите велат дека Мариовецот се срамел за непреработеното млеко да зема пари. Млекото се преработувало, главно, по бачи-лата и дома, во куќниот двор. Се произведувало сирење („сен-ско“ и „биено“, маст, маштеница и урда). Ни сиратката не се фрлала, туку се употребувала како храна за свињите.

Мариовците никогаш не биле добри трговци. Имале млеко, маст, сирење, жито, јајца, волна, јагнешко, јарешко, свинско месо и кожи. Малку од тоа изнесувале на пазар: колку да ги подмират потребите од сол, шеќер, зелка, пиперки, од обуш, платно, женски шамии, боја за вапцување ткаенини и сл. За древни предмети „при рака" се напаѓал проматарот кој ги посетувал селата 2—3 пати годишно, тргувајќи и врз принципот размена на стоки, во натура: мониста, игли, обетки, алва — за јајца, волна, жито и сл. Некогашниот трговец од Прилеп, Коне Рампов Врта(н)коски, се сеќава за предвоено Мариово: „Во 1932 година татко ми ме прати во Врпско, да купам овци од дедо Митре Кундев. Првпат дојдов таму — чоеко не ме позна. Ме праша чии сум — му кажав. На доверба ми даде ЗОО овци со јагнина. Кога го прашав колку пари чини чифто, ми одгоори: Кога ќе дојда' на пазар за Митровден, ќе се разбереме со татка ти! „Се сеќавам, татко ми му го плати чифто четири банки“. . . . „Во 1935 година појдов во Полчишта кај Методија Ракицов, ми даде 500 јарина. Кога го прашав „Колку пари јаре-то?“ — ми одговори: „Терај, колете 'и со татко ти! Колку пари ќе земете за кожинчињата — толку ќе ми дадете. Пари за месото не ви барам!“

Во текот на НОВ Мариово беше погоден терен преку кој се префрлуваа нови борци — партизани во егејскиот дел на Македонија. Долу, од мостот на Црна, и денеска се распознаваат патеките по кои специјалните курири ги воделе младите луѓе за да се приклучат кон македонските партизански единици. Тука се создадени групи за дејствување во заднината кои, се разбира, учествувале во споменативе акции. Формирани се и месни народноослободителни одбори чија активност во времето на окупацијата беше илегална. Во Мариово беа изведени и неколку вооружени акции: во два наврата беше нападнат рудникот на Лигураса над с. Витолиште (што го експлоатираа Германците) и неколку борци ги положија во тие борби своите животи. Беше извршен и напад врз училиштето во Витолиште во кое беше сместена една бугарска фашистичка воена единица. Дел од легендарниот Февруарски поход е поврзан за терените на Мариово. На 1. јануари 1944 година I Македонско-косовска ударна бригада со нејзиниот штаб отседна во Витолиште, ги ликвидира бугарските полицајци и некои нивни доушници, изврши нов напад на рудникот, формира уште еден местен НОО.

А веднаш по капитулацијата на Бугарија, низ Мариово помина полкот на бугарскиот Битолски гарнизон чија цел беше компактно да се пробие до Бугарија.

Три ноќи десетината од задднината организираше бегства на групи бугарски војници што беа отседнати во Мелница, над м. Св. Илија. Овие групи во Витолиште ги оставаа своите војнички алишта, своето оружје па и коњите, а добиваа селски преслеки и пропусници од раководството на НО одбор. Во месноста наречена Д'га Нива загина борецот Бино Ѓуров. Веднаш се пристапи кон собирање нови борци од кои се формираа нови единици кои учествуваа во повеќе завршни борби и во борбата за ослободување на Прилеп. Неодамна починатиот Ристе Дојчиновски, попопуларен како дедо Ѕуле, го познавав како жива историја од тоа време.

Обидот за колективизација ка селото во Мариово не успеа. Спротивно од очекуваното, селаните сосема осиромашија. Народната власт се откажа од тој обид, но Мариовците економски никогаш не се повратија. Од 1956 г. започна миграциониот процес, најпрво во блиските градови: Прилеп, Битола, Кавадарци и во Скопје, а подоцна и во Европа и во прекуокеански-те земји: Канада, САД, Австралија. Но мариовскиот дух живее и во тие средини: овде, во Македонија, се одржуваат годишни мариовски вечери по градовите, во Торонто мариовците формирале регистрирано Друштво на Мариовците; во Мелбурн постои мариовското друштво „Стале Попов". Од неодамна во Витолиште и Прилеп се одржуваат Мариовско-мегленските културни средби, во знак на сеќавање кога во селото Галиште жителите имале во сопственост 8.500 кози, 3.500 овци, над 800 грла крупен добиток, 480 ксшари пчели (денеска ова село нема ниту еден жител, а куќите, запустени. останале онакви, какви што ги опишал Стале Попов во својот роман „Крпен живот“), кога во с. Витолиште имало над 200 куќи со околу 1.000 жители во чија сопственост се наоѓале 10.000 кози, 7.000 овци, 1.000 грла крупен добиток (денеска има одвај педесетина семејства, благодарејќи на тоа што по некој рудник и шумите успеаја да задржат мал број машка работна рака), кога Пол-чиште броело 125 куќи, 950 жители со 12.000 кози, 8.000 овни, 2.500 крупен добиток (а денес на прсти можат да се избројат семејствата што останале во ова село), кога во сите споменати села имало комплетни основни училишта и деца, се разбира (а сега одвај живурка училиштето во Витолиште).

Денеска преку Мариово води убав асфалтиран пат од Прилеп до Витолиште, — дело на општеството и на Сојузната работна акција на младите од Југославија. Од Битола кон Маково навлегува друг таков пат што којзнае кога ќе биде довршен барем до Старавина, а е изграден асфалтен ракав и од Кавадарци до под Рожден. Мариовците велат: „Ех, да го направеа патот баре пред печеснаесет години!...“

Неоти Мариовците немаше да мигрираат и во таков случај!... Но, претпоставка е, и извесна проценка, дека модерните патишта и евентуалните заложби и инвестиции на општеството ќе задржеа дел од населението. И денеска се верува дека Мариово може повторно да заживее со оглед на споменатите рудни и шумски богатства, со оглед на природните можности на овој крај, со оглед на новопронајдените наслаги на јаглен и мермер, а туристичките можности веројатно нудат и некои други перспективи. Во таа смисла беше воден еден богат разговор оваа година во рамките на Мариовско-мегленските културни средби, во таа смисла е и сегашниот научен собир посветен на можниот економски развој на овој регион.